# СООПШТЕНИЕ

Во врска со досегашните административни проблеми на осигурените лица при постапката за остварување на право на паричен надоместок за боледување, како и административните проблеми на работодавците, и нивната обврска да носат одредени документи во Фондот секој месец, што досега беше најчеста причина нашите осигуреници да чувствуваат дека паричните надоместоци им доцнат, ФЗОМ сака да ја извести јавноста дека согласно со изменување и дополнување на законот за Здравствено Осигурување, како и изменување на Правилникот на Фондот за начин на остварување на правата од задолжителното Здравствено Осигурување, административните процедури значително ќе се намалат.

Согласно овие измени, од 21 април 2010 година работодавците нема да има потреба да доставуваат документација во ФЗОМ секој месец, за лицата кои се на боледување, а осигурениците правото на боледување ќе го остваруваат со едно приложување на образец за исплатени нето плати за последните 12 месеци, но не помалку од 6 месеци од страна на работодавецот на почетокот на боледувањето.

Со овие измени им излегуваме во пресрет на нашите осигуреници, кои што ќе може поедноставно да ги остварат своите права и растеретување на обврските на работодавците, како и побрза административна обработка на пресметките за исплата на надоместок од страна на стручните служби во ФЗОМ.